МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и
заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-670/21
29-09-2023 20 год.
СКОПЈЕ

ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и
заштита на животната средина
Бул: „ Јане Сандански " бр. 109 Б
Скопје

Врз основа на член 65 став 6 од Закон за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11) градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

1. За планскиот документ Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт И16 блок 16.03, Општина Аеродром, Скопје, кој се донесува согласно Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Закон за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларот за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на мрежната страна на Општина Аеродром: www.aerodrom.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од 65 став 4 од Закон за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ Нацрт детален урбанистички план за градска четврт И16 блок 16.03, Општина Аеродром, Скопје, нема да има влијание врз животната средина од следните причини:
   - Планскиот документ се однесува на регулирање на сопственоста на земјиштето на веќе изградени објекти како и помал дел на објекти од инфраструктурата.
   - Во рамките на планскиот опфат се дефинираат градежни парцели со намени кои се во согласност со ГУП Скопје 2012 - 2022год и УПЧ И16, (2014-2022).
   - Зеленилото во планскиот опфат се задржува во потполност, а нови објекти не се планираат.
   - Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ биле предмет на оцена во поранешна фаза на донесување на документацијата од повисоко ниво и тогаш се усогласени и разработени сите мерки за заштита на животната средина.

Изработил:
Елизабета Наунова

Контролирал и одобрил:
Иван Кокалановски

Градоначалник на Општина Аеродром
Тимчо Муцунски

Дата: 28 09 2023 година

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Детален урбанистички план за градска четврт И16, Блок И16.03, Општина Аеродром – Скопје |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија, Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Аеродром, Скопје |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Планер потписник - Љубица Јоаким д.и.а.,<br>- Елена Андреева д.и.а. |
| Назив на работното место | Дипломиран инженер архитект-овластен планер |
| Контакт податоци за лицето | тел: 078 551 595<br>ул.„Букурешка“ 79/6 Карпош, Скопје |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-670/20
29-09-2023 20___ год.
СКОПЈЕ

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Законска обврска | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Детален урбанистички план за градска четврт И16, Блок И16.03, Општина Аеродром – Скопје | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| НЕ | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Урбанистичко уредување на просторот | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| НЕ | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Уредување на градежно земјиште | | | |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) | | | |
| Планирање на простор | | | |
| Периодот за донесување на планскиот документ. | | | |
| 2021 - 2026 | | | |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? | | | |
| Во рамките на предвидениот плански период | | | |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) | | | |
| Прилог - Планска програма | | | |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | | | |
| Дали е приложена копија од целите? | | | |
| Да ☐<br>Не ☒ | | | |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Со реализација на планскиот документ предвидените површини за градење и нивната реализација зависат од урбанистичките параметри кои се составен дел на планската документација. Планскиот документ ги содржи сите потребни мерки од сите аспекти, воедно овој плански документ нема посебно влијание врз животната средина на околината. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Во предметниот план се планираат градежни парцели согласно намената во ГУП 2012 - 2022 и УПЧ И16, (2014-2022) за подрачјето ДУП за Урбанистичка четврт И16 Блок И16.03. Не се планираат нови површини за градба. Објектите во површината на опфатот дел се објекти за домување во станбени згради кои се постојни и на кои не се врши никаква дополнителна интервенција а вториот дел од опфатот се постојни комерцијални објекти и објекти од инфратсруктурата кои исто така се задржуваат во постојна состојба. Движењето на моторните возила е со веќе утврдена фрекфенција и присутност на издувни гасови. Објектите нема да имааат влијание врз животната средина. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Со оглед на тоа дека не се предвидуваат нови објекти, нема негативно влијание на микроклимата во локалитетот. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Планскиот опфат зафаќа површина по осовини на сообраќајници 4.93 ха. а по регулациони линии на блокот од градската четврт изнесува 3.10ха. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Овој плански документ позитивно ќе влијае на економските и социјалните аспекти на ова подрачје. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ: | |

| | |
|---|---|
| Со регулацијата на градежното земјиште ќе се зголеми вредноста на урбаниот локалитет. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | НЕ |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекуваат надминувања на стандардните вредности ниту намалување на квалитетот на животната средина. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Локацијата за која се уредува градежното земјиште претставува градежно земјиште кое е опфатено со ГУП Скопје 2012 - 2022год. и дефинирана со регулациска линија од УПЧ И16, (2014-2022) |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Во рамките на планскиот опфат се дефинираат градежни парцели со намени кои се во согласност со ГУП Скопје 2012 - 2022год и УПЧ И16, (2014-2022). | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Изградените објекти се во согласност со ГУП-от и нивното функционирање нема да има негативно влијание врз околината и животната средина. | |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Планската документација нема влијание врз квалитетот на животната средина и притоа нема да се создаваат еколошки проблеми во општината. | |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Нема. Со планскиот документ не се предизвикуваат еколошки проблеми. Зеленилото во планскиот опфат се задржува во потполност, а нови објекти не се планираат. | |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планскиот документ кој е предмет на разгледување е во непосредна врска со | |

| | |
|---|---|
| претходно донесената планска документација - Измена и дополна на ДУП за населба Јане Сандански А2/1 и А2/2, Општина Аеродром Скопје(07-180/3 од 28.11. 2002год) и важечкиот ГУП на град Скопје 2012 - 2022 како и УПЧ И16, (2014-2022). Со овие планови не се забележани негативни влијанија врз животната средина. Со оглед на тоа дека ова е нов плански документ за истиот локалитет нема да има разлики во влијанието врз животната средина. | |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ биле предмет на оцена во поранешна фаза на донесување на документацијата од повисоко ниво и тогаш се усогласени и разработени сите мерки за заштита на животната средина. | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Планскиот документ се однесува на регулирање на сопственоста на земјиштето на веќе изградени објекти како и помал дел на објекти од инфраструктурата. Доколку би се појавиле било какви влијанија кои ќе подлежат на нови оценувања истите би се оградиле во документацијата од повисоко ниво а тоа би значело во ГУП-от од Град Скопје каде ќе се констатира потребата од оцена на ова подрачје, така да при изработката на нова планска документација ќе биде почитувана одлуката од надлежната институција. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Раководител на одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови<br>Страшко Хаџи Коцев<br><br>Раководител на сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина<br>Иван Кокалановски<br><br>Градоначалник на Општина Аеродром<br>Доц. д-р Тимчо Муцунски |
| Датум : 28.09.2023 год.<br>Место : Скопје | М.П. |